# З А П И С Н И К
## Од Триесетата седница на Програмскиот совет на МРТ
## одржана на 17.02.2026 година, во 10:30 часот, сала за состаноци во МРТ

Присутни членови на Триесетата седница на Програмски совет на МРТ: *Давор Пашоски, Ивана Ефремовски, Бурим Рамадани, Беким Лачи, Марјан Велевски, Билјана Бабиќ, Патриот Лумани, Лазо Трпков, Владимир Палашевски, Миле Гроздановски и Музбајдин Ќамиљи.*

Онлајн присутни: *Маја Седрак и Томислав Кежаровски.*

Други присутни на седницата: *Марјан Цветковски, Директор на МРТ.*

Триесетата седница на Програмскиот совет започна во 10:41 часот со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Триесетата седница, како што следува подолу:

**Дневен ред:**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 28-та седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Разгледување и усвојување на Записникот од 29-та седница на Програмскиот совет на МРТ**
3. **Разгледување на дополнет Предлог-Статут на ЈРП МРТ**
4. **Разгледување на приговор Денис Шабани**
5. **Разгледување на жалба Катерина Топалова Дејановска**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 28-та седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ констатиреше дека текстот на Предлог-записникот од Дваесет и осмата седница е претходно доставен до сите членови на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Разгледување и усвојување на Записникот од 29-та седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ констатиреше дека текстот на Предлог-записникот од Дваесет и деветата седница е претходно доставен до сите членови на Програмскиот совет, а во однос на истиот се доставени одредени забелешки и дополнувања од страна на Патриот Лумани и Билјана Бабиќ.
Во таа насока во однос на забелешката на Патриот Лумани, тој појасни дека формулацијата во членот 34, каде што е наведено дека МРТ има обврска, во рамки на своите надлежности и можности, да обезбеди примена на одредбите од Законот за употреба на јазиците, во согласност со Уставот и уставно утврдените начела за службената употреба на јазиците, вклучително и во институциите каде службен јазик, покрај македонскиот, е и јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, е преземена во согласност со законската терминологија.
Отсуството на дополнување во заграда „албански јазик“ не претставува грешка, туку доследно следење на формулацијата од Законот, при што во никој случај со оваа формулација не се негира албанскиот јазик. Напротив, предложените измени на Статутот се токму во насока на јакнење и унапредување на примената на Законот за употреба на јазиците во работењето на МРТ, што е евидентирано и во Записникот од 29-та седница.
Воедно, во однос на Записникот од 29-та седница, тој информираше дека Билјана Бабиќ има забелешка во однос на фактот дека значителен број од доставените предлози по јавната расправа за Предлог-Статутот беа без наведено име и презиме на предлагачот.
Во таа смисла, Бабиќ посочува дека во иднина вакви неидентификувани предлози не треба да бидат предмет на разгледување од страна на Програмскиот совет и побара оваа забелешка соодветно да биде преформулирана и јасно нотирана во Записникот.
Во таа насока, Програмскиот совет едногласно усвои заклучок дека во иднина, при распишување јавни расправи, во јавните повици јасно ќе биде наведено дека ќе се разгледуваат исклучиво предлози и мислења доставени од идентификувани предлагачи, односно со наведено име и презиме, како и основни контакт податоци, со цел обезбедување транспарентност, кредибилитет и одговорност во консултативниот процес.
Претседателот предложи Записникот од 29-та седница да се усвои.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 3. Разгледување на дополнет Предлог-Статут на ЈРП МРТ**

Претседателот Давор Пашоски ја отвори третата точка од Дневниот ред, што се однесува на разгледување на дополнетиот Предлог-Статут на ЈРП МРТ.

Најнапред, тој констатираше дека сите забелешки, сугестии и заклучоци од минатата седница на Програмскиот совет, кои се однесуваат на Предлог-Статутот, се соодветно вградени во оваа верзија на дополнетиот Предлог-Статут, кој беше објавен на јавна расправа од 25 декември 2026 година.

Најнапред, во однос на прашањето за логото и визуелниот идентитет на МРТ, тој потсети дека ова прашање беше отворено и разгледано на 29-та седница на Програмскиот совет, по повод предлогот доставен од Бурим Рамадани-член на Програмскиот совет во рамки на јавната расправа за Предлог-Статутот на МРТ.

Согласно дискусијата на таа седница, а по иницијатива на директорот на МРТ како предлагач на Статутот и во координација со Претседателот на Програмскиот совет, Советот се согласи разгледувањето на овој предлог да биде одложено, со цел да се спроведат дополнителни проверки и консултации со надлежни институции и стручни служби.

Притоа беше нагласено дека ваквиот пристап има за цел да обезбеди целосно правно и законски издржано решение, усогласено со прописите од областа на индустриската сопственост, употребата на јазиците и заштитата на идентитетот на јавниот сервис, како и да се избегнат можни различни толкувања или правни ризици во иднина.

**<u>Образложение – ЛОГО (Измени на член 6)</u>**

Предложената формулација на Член 6 има за цел да ја зацврсти правната сигурност, институционалната надлежност и единствениот визуелен идентитет на Македонската радио-телевизија, како јавен радиодифузен сервис, во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и важечката законска рамка.

Статутот, по својата правна природа, треба да утврдува рамковни правила и надлежности, додека конкретните технички и оперативни прашања, како што се формата, содржината и употребата на заштитниот знак (лого) се уредуваат со посебен акт донесен од Програмскиот совет на МРТ, како надлежен орган.

Ваквиот пристап овозможува:

- зачувување на единствениот бренд и визуелен идентитет на МРТ,
- спречување на произволни или неусогласени интервенции во заштитниот знак,
- усогласеност со важечката законска рамка, вклучително и во делот на службената употреба на јазиците

Со тоа се обезбедува јасна хиерархија: закон – статут – посебен акт, и се гарантира дека евентуалните варијанти или јазични адаптации на логото не можат да значат ребрендирање, ниту нарушување на утврдениот визуелен идентитет на МРТ.

**Предлог верзија на Член 6**
Член 6
(Лого и програмски сервиси)
МРТ има единствен знак за идентификација, односно заштитен знак – лого и единствен утврден визуелен идентитет.

Формата, содржината, визуелниот идентитет и начинот на употреба на заштитниот знак – лого ги утврдува Програмскиот совет на МРТ со посебен акт.

Со актот од ставот (2) на овој член може да се уреди користење на поединечни програмско-специфични варијанти на логото за одделни програмски сервиси и канали, под услов истите да произлегуваат од единствениот заштитен знак на МРТ, да бидат целосно усогласени со неговиот утврден визуелен идентитет и да не претставуваат ново, посебно или различно лого.

Јазична и писмена адаптација на логото за програмски сервиси што емитуваат програма на други јазици се врши исклучиво во согласност со важечката законска рамка и со актот од ставот (2) на овој член и не претставува ребрендирање, ниту промена на боите, фонтот, графичкиот идентитет, структурата, позиционирањето или другите основни елементи на заштитниот знак.

Секоја употреба на логото спротивна на одредбите од овој член се смета за неовластена.

Претседателот на Програмскиот совет го стави предлогот на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

По предлог на Билјана Бабиќ – член на Програмскиот совет се додава и **нов член 7 во однос на Заштита на логото и визуелниот идентитет:**

Член 7
(Заштита на логото и визуелниот идентитет)

Името, заштитниот знак – лого и визуелниот идентитет на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија се заштитени и претставуваат индустриска сопственост на МРТ.

Заштитниот знак – лого на МРТ се заштитува како трговска марка согласно Законот за индустриската сопственост, на македонски јазик и кирилично писмо, со можност за соодветна транскрипција на латиница.

За потребите на службената употреба и комуникација, називот на МРТ се користи и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, во согласност со Законот за употреба на јазиците, без притоа да се менува или нарушува заштитениот знак – лого.

Неовластената употреба, измена, репродукција или комерцијално искористување на логото и визуелниот идентитет на МРТ е забранета и претставува повреда на правата на МРТ, согласно закон.

МРТ е должна да презема мерки за заштита на своето лого и визуелен идентитет пред надлежните органи и судови, во согласност со закон.

Претседателот на Програмскиот совет го стави предлогот на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**<u>Техничко усогласување на нумерацијата на главите</u>**

Се констатира дека со додавањето на нова Глава VII – „Стандарди и начела на МРТ“, потребно е да се изврши и соодветно техничко усогласување на нумерацијата на сите последователни глави во Предлог-Статутот.
Од тие причини, се предлага да се направи соодветно пренумерирање на главите, со цел да се обезбеди логична, континуирана и хронолошки правилна структура на Статутот.

Се констатира дека станува збор за техничко усогласување, без влијание врз содржината на одредбите.

**<u>Техничко доуредување на членови</u>**

Во однос на **член 32** од Предлог-Статутот, се предлага да се изврши техничко усогласување на внатрешната упатна норма, односно бројот на членот на кој се повикува одредбата.
Имено, во текстот на член 32, став 1 бројот „член 49“ се заменува со „член 55“, поради тоа што во меѓувреме во Статутот се додадени нови членови, со што е извршено поместување на нумерацијата.
Се констатира дека станува збор за техничка корекција, без влијание врз суштината на одредбата.
Со тоа, член 32, став 1 гласи:
Член 32
Програмскиот совет на МРТ може да ги отповика сите членови или член на Надзорниот одбор на МРТ пред истекот на времето за кое биле избрани, во случај на исполнетост на условите од член 55 на овој Статут.

Во однос на **член 92** од Предлог-Статутот, се предлага да се направи техничко усогласување на формулацијата во ставот (1), согласно верзијата на Предлог-Статутот од декември 2025 година, кој беше објавен на јавна расправа.
Имено, во ставот (1) зборовите „согласно со овој закон“ се заменуваат со зборовите „согласно со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги“, со цел прецизирање на правниот основ и усогласување со важечката законска терминологија.
Се констатира дека станува збор за техничко доуредување, без влијание врз суштината на одредбата, и со тоа членот 92 гласи:
**Член 92**
Начинот и постапката за набавка на аудио и аудиовизуелни дела се уредуваат со акт на Директорот на МРТ, кој треба да обезбеди транспарентност, економичност, ефикасност и ефективност во управувањето на финансиските средства на МРТ, согласно со годишната програма за работа на МРТ за наредната година, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и актите кои произлегуваат од него.
Постапката за набавка на аудио и аудиовизуелни дела ја спроведува комисија наименувана од Директорот на МРТ.

Дополнително се констатира дека отстапувањата во одделни одредби од Предлог-Статутот во однос на користењето на уставното име на државата претставуваат технички пропуст при консолидирањето на текстот. Се предлага извршување техничко усогласување и корекција на релевантните членови, без интервенција во суштината на одредбите, со цел целосна усогласеност на текстот со уставното име на државата и веќе усвоените решенија на Програмскиот совет.

По сето горенаведено, а откако никој од членовите на Програмскиот совет немаше забелешка, Претседателот предложи да се донесе следниот
**Заклучок:**
Програмскиот совет го усвојува дополнетиот Предлог-Статут на ЈРП МРТ, со сите вградени усвоени измени, дополнувања и технички корекции.
Се констатира дека, по вградувањето на сите усвоени измени, дополнувања и технички корекции, финалната верзија на Статутот дополнително треба технички да се уреди и стандардизира согласно форматот и правилата за ваков вид нормативни акти, како и да се подложи на јазично и правописно лекторирање, пред нејзиното доставување во понатамошна постапка.
Воедно, се констатира дека оваа верзија на дополнетиот Предлог-Статут ќе биде предмет на разгледување и презентирање на јавна седница на Програмскиот совет.

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски го стави на гласање Предлог-Статутот.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 4. Разгледување на приговор Денис Шабани**

Најнапред, Претседателот појасни дека при постапувањето по дисциплински постапки и жалби, Програмскиот совет се раководи од Законот за јавни претпријатија како посебен закон (lex specialis) за вработените со статус на даватели на јавни услуги.
Согласно законската рамка, дисциплинска постапка се покренува врз основа на образложен предлог од непосредно претпоставениот, раководниот давател на јавна услуга или директорот, за конкретно определена повреда и законски основ.
По покренувањето на постапката, директорот формира дисциплинска комисија, која ја спроведува дисциплинската постапка и, по утврдената фактичка состојба, му предлага соодветна дисциплинска мерка на директорот.
Директорот на јавното претпријатие ја донесува првостепената одлука врз основа на предлогот на дисциплинската комисија, односно ја изрекува мерката што е предложена од комисијата.
Во втор степен, надлежен орган за одлучување по жалба е Управниот одбор, односно во случајот на МРТ тоа е Програмскиот совет кој може:

- да ја одбие жалбата и да ја потврди првостепената одлука, или
- да ја прифати жалбата и да ја укине првостепената одлука.

**Во однос на Приговорот на Денис Шабани**, тој потсети дека на 25-та седница на Програмскиот совет, одржана на 30.12.2025 година, веќе се одлучи по приговорот на вработениот Денис Шабани во однос на Решението за суспензија, при што Советот донесе одлука со која суспензијата останува на сила.
Во таа насока, важно е да се нагласи дека по однос на суспензијата постои донесена и правосилна одлука на Програмскиот совет и истата не е предмет на повторно разгледување на оваа седница.
Денес Советот постапува исклучиво по Приговорот на вработениот Денис Шабани против Решението за изрекување дисциплинска мерка – парична казна, бр. 04-524/6 од 03.02.2026 година, донесено од директорот на МРТ.
До Програмскиот совет е доставен Приговорот, заедно со сите пропратени документи, вклучително: предлогот за поведување дисциплинска постапка, записникот од Комисијата за водење дисциплинска постапка, извештајот за утврдена фактичка состојба со предлог за дисциплинска мерка, како и самото Решение за изрекување дисциплинска мерка.
Имајќи го предвид обемот и содржината на доставената документација, Претседателот констатираше дека Програмскиот совет располага со доволно материјали за целосно, објективно и законито постапување по предметот, без потреба од лично присуство на вработениот на седницата, при што правото на изјаснување е веќе обезбедено во писмена

форма во текот на постапката.
Од извршениот увид произлегува дека дисциплинската постапка е формално спроведена согласно законската процедура, дека Комисијата за водење дисциплинска постапка утврдила фактичка состојба и предложила изрекување парична казна во висина од 30% од нето платата за еден месец, а директорот ја донел одлуката согласно тој предлог.

Претседателот Давор Пашоски отвори дискусија по оваа точка.

Прв зема збор Бурим Рамадани кој рече дека треба да се уважи Приговорот на Денис Шабани, поради тоа што веќе е доволно казнет.

Следна зема збор Билјана Бабиќ која се согласи со Бурим Рамадани и нагласи дека, од увидот во списите произлегува дека на вработениот претходно му била изречена мерка – отстранување од работа, која е директно поврзана со истиот настан што бил предмет на дисциплинската постапка.
Таквата мерка претставува фактичка последица која влијаела врз работниот статус и материјалната положба на вработениот и согласно законот, морала да биде земена предвид при одмерување на дисциплинската санкција.

Потоа зема збор Маја Седрак која исто така рече дека се согласува со претходно искажаното и со тоа, самата суспензија го постигнала ефектот на казна.

Понатаму зема збор Томислав Кежаровски кој исто така рече дека се согласува да се уважи Приговорот, понатаму тој говореше и за постапката која е веќе завршена по основ на суспензијата и праша дали може постапката да се врати во првобитната состојба.

Претседателот Давор Пашоски одговори дека постапката по однос на суспензијата е веќе завршена, потврдена од Програмскиот совет и правосилна и не може да се враќа во поранешна состојба.
Новата постапка е во однос на Приговорот врз основа на предлогот на дисциплинската комисија, која предложила изрекување парична казна во висина од 30% од нето платата за еден месец.

Повторно зема збор Томислав Кежаровски и праша дали Комисијата која одлучува во однос на дисциплински постапки е секогаш во ист состав?

Претседателот Давор Пашоски одговори дека Комисијата е секогаш во различен состав и се формира во согласност со законските прописи.

По завршување на дискусијата, Советот оцени дека во конкретниот случај, имајќи ги предвид сите околности, целта на дисциплинското постапување може да се постигне и без изрекување на парична казна, преку јасна напомена и укажување до вработениот за во иднина да постапува строго во согласност со своите работни овластувања и интерните правила на МРТ.
Во таа насока, Советот упатува јасна напомена и укажување до вработениот Денис Шабани дека е должен да постапува исклучиво во рамки на своите работни овластувања и да не ги надминува истите, со цел да не се создава ризик од евентуална злоупотреба на статусот на вработен во јавно претпријатие.
Воедно, се задолжува одговорниот уредник на МРТ2 да води засилена грижа за јасно дефинирање, давање и следење на работните задачи и овластувањата на вработените во рамки на редакцијата.
Дополнително, се нотира потребата од понатамошно унапредување и прецизирање на интерните акти и процедурите кои се однесуваат на писмени работни задолженија, што ќе придонесе за спречување на недоразбирања и слични ситуации во иднина, во интерес на сите програмски сервиси на МРТ.

**Предлог:**
Приговорот на вработениот Денис Шабани против Решението за изрекување дисциплинска мерка – парична казна, бр. 04-524/6 од 03.02.2026 година, да се уважи и Решението да се поништи.
Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски, го стави на гласање предлогот:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 4. Разгледување на жалба Катерина Топалова Дејановска**

Во рамки на оваа точка, Советот постапува по жалбата на вработената Катерина Топалова Дејановска, поднесена против Решението за изрекување дисциплинска мерка – парична казна, бр. 04-519/4 од 30.01.2026 година, донесено од директорот на МРТ.
Имајќи го предвид обемот и содржината на доставената документација, Програмскиот совет констатира дека располага со доволно информации за целосно и објективно постапување по предметот, без потреба од лично присуство на вработената на седницата. Дополнително, се зема предвид и наводот од жалбата дека вработената се наоѓа на боледување.
До Програмскиот совет е доставена жалбата, заедно со прилози доставени кон жалбата, како и целокупната релевантна документација по предметот, вклучително записник од Комисијата за водење дисциплинска постапка, извештај за утврдена фактичка состојба со предлог за дисциплинска мерка и решението за изрекување дисциплинска мерка.
По извршениот увид во целокупната документација, Програмскиот совет констатира дека во

предметот е спроведена дисциплинска постапка, преку формирање на дисциплинска комисија, прибирање и разгледување на релевантни факти и докази, како и изготвување извештај за утврдена фактичка состојба.
Советот го разгледа и образложението содржано во жалбата на вработената, во кое таа наведува дека во периодот опфатен со постапката имала новинарски активности, теренска работа, предлагање на теми и комуникација со уредници, како и дека природата на новинарската работа подразбира динамика која не секогаш целосно се рефлектира во формалните системи за евиденција.
Од друга страна, од доставените материјали произлегува дека се утврдени неправилности поврзани со недоследности во користењето на системот за електронска евиденција на работното време, како и недоследности во начинот на извршување на работните задачи, што претставува повреда на работната дисциплина и службената должност.

Претседателот отвори дискусија по оваа точка.

Прва зема збор Ивана Ефремовски која истакна дека по детално разгледување на целосната документација за случајот со дисциплинската постапка против Катерина Топалова Дејановска, таа констатира дека се направени повеќе неправилности кои довеле до изрекување на несоодветна со стореното дело и престрога казна за вработената. Во однос на дисциплинската постапка, каде е наведено дека се казнува за “неизвршување, несовесно, ненавремено или небрежно вршење на работните задачи”, таа цени дека според добиените документи, ништо не докажува такво дело.
Дополнително на оваа новинарка веќе долг временски период воопшто не и се доделувани работни задачи, од причини кои не се познати, па со самото тоа не била во можност да го стори делото за неизвршување работни задачи, кога иако барала-не добивала.
Според документите кои ги доби Советот, новинарката е казнета бидејќи се евидентирала на електронскиот систем за службен излез доцна навечер, кога уредникот тврди дека таа не е на работна задача. Уредникот несомнено треба да е информиран за работите кои новинарите ги извршуваат на терен, но според документацијата и доказите, токму уредникот долг временски период откако без образложение ја отстранува новинарката од работна должност уредник на вести, не одобрува таа да си ја врши работата ни како новинар ни како репортер, ниту како деск новинар, на очиглед на цела редакција. Таа неколку пати предложува теми, бара да биде работно задолжена, но од нејасни причини е целосно игнорирана. Не добива одговор за снимањата и разработка на теми кои ги предлага, вклучувајќи го и тој работен ден, за кој новинарката тврди дека има докази дека не го злоупотребила системот туку со работа скала да се спротистави на неправдата која тврди дека и е нанесена. И самата комисија, во записникот наведува дека Топалова Дејановска не е единствената вработена која го злоупотребува системот за електронска евиденција-што согласно нејзиното мислење како член на Програмскиот совет значи дека ако таа остане со

казна од 30% од плата во времетраење од три месеци, би постапиле селективно и непреведно.

Како долгогодишен новинар, таа истакна дека работното време на новинарите не е секогаш строго дефинирано во пракса, ниту пак работното место на новинар е исклучиво во редакција. Од овие причини според неа ниту е спорно евидентирањето во доцни вечерни часови, ниту пак е доказ за евентуално неработење фактот што новинар има долги службени излези.

Таа јасно потенцираше дека за овој случај е детално информирана од страна на повеќе лица вработени во МРТ, кои се сведоци на случувањата по хронологија кои траат изминативе неколку месеци. Таа оценува дека прекршокот за кој, според документите кои се добиени, се казнува новинарката, воопшто не е причина туку само последица на нарушени меѓучовечки и колегијални односи во МРТ. Навлегувањето во детали би било симболично кажано “Отворање на Пандорина кутија”.

Програмскиот совет е тело со сериозни надлежности и работни обврски и таа смета дека е недолично тука да се отвараат дебати од таков тип, да се смируваат расправии, несогласувања или нечии лични пресметки.

Таа бара прифаќање на жалбата на новинарката и овој случај да заврши со укажување или опомена.

Следна зема збор Билјана Бабиќ која рече дека улогата на Програмскиот совет не е да се брани ниту вработената, ниту раководството, туку Советот да обезбеди дека дисциплинската постапка е водена законито, целосно и сразмерно, во согласност со Законот за јавни претпријатија и интерните акти на МРТ.

Најнапред таа рече дека смета дека е неспорно правото работодавачот да поведе дисциплинска постапка и дека системот за електронска евиденција на работното време може да биде основ за утврдување одредени неправилности. Во тој дел, Советот не треба и не смее да навлегува во уредничка политика или во секојдневната организација на работниот процес. Сепак во конкретниот случај, таа рече дека смета дека постојат сериозни прашања во однос на утврдувањето на фактичката состојба и правната квалификација на повредата, кои Советот како второстепен орган не може да ги игнорира.

Прво, од доставеното Решение и од целокупната документација не произлегува јасно кои конкретни работни задачи биле наложени, кои од нив не биле извршени и врз основа на кои докази се утврдува дека станува збор за неизвршување, несовесно или небрежно вршење на работните задачи. Постои анализа на движење и присуство, но недостасува јасна врска помеѓу тоа и конкретна службена обврска што не била исполнета. Понатаму, таа продолжи дека смета дека во ваква фактичка состојба е спорно дали се работи за дисциплински престап или за дисциплинска неуредност, што е суштинска разлика во Законот за јавни претпријатија. Оваа разлика не е само терминолошка, туку директно влијае на тежината и видот на дисциплинската мерка што може да се изрече.

Трето, во однос на изречената мерка-парична казна во висина од 30% од плата за период од три месеци таа смета дека тоа претставува една од најстрогите можни дисциплински мерки, а од образложението не произлегува јасно кои отежнителни околности ја оправдуваат ваквата сразмерност, особено имајќи предвид дека не е утврдена претходна дисциплинска историја.
Од списите произлегува дека наводните неправилности се однесуваат на периодот октомври и ноември 2025 година, додека предлогот за поведување дисциплинска постапка е поднесен на 4 декември 2025 година. Комисијата одржала седница на 26 јануари 2026 година, а решението за изрекување дисциплинска мерка е донесено на 30 јануари 2026 година. Тоа значи дека од настаните до изрекувањето на санкцијата поминал период од приближно два месеца. Таа смета дека овој временски јаз мора да се цени од аспект на целта на дисциплинската постапка, која треба да биде навремена корективна реакција, а не задоцнета санкција. Во таа смисла Програмскиот совет е должен да ја оцени не само формалната законитост, туку и сразмерноста и целисходноста на изречената мерка.
Од Записникот на Комисијата од 26 јануари 2026 година произлегува дека во расправата се отвора и прашањето за начинот на користење на системот за електронска евиденција и потребата од воспоставување појасен ред и протокол во работењето, што укажува дека станува збор за прашање кое има и организациски аспект, а не исклучиво индивидуална одговорност. Во таа смисла, таа смета дека при одлучувањето треба да се цени дали изречената мерка е сразмерна на утврдените околности и дали дисциплинската постапка е најсоодветниот инструмент за надминување на ваков вид состојби. Поради сето горенаведено, таа смета дека Советот во овој случај не треба да го потврди Решението во постојната форма, но исто така не смета дека треба да се навлегува во преоценувањето на доказите или директно да се определува друга мерка.
Доколку пак е дефинитивна одлуката дека Програмскиот совет може само да ја прифати жалбата, или да ја одбие, таа ќе се воздржи од гласање, затоа што смета дека со одбивање на жалбата ќе дојде до судска постапка, која со вакво решение МРТ ќе изгуби, а воедно смета и дека неправилно е одбивање на жалбата затоа што е неспорно дека електронска евиденција на работното време може да биде основ за утврдување одредени неправилности.

Потоа збор зема Беким Лачи кој рече дека и тој има сознанија за злоупотреба на системот за електронска евиденција и дека доколку гласа ЗА, според него би бил двоен стандард. Воедно рече и дека е неприфатливо на новинарката да и се одбиваат предлози и теми и да не и се доделуваат работни задачи.

Понатаму зема збор Маја Седрак која рече дека согласно доставените списи новинарката повеќе од половина не била на работа и смета дека тука станува збор за манипулација. Таа рече и дека Програмскиот совет не е истражен орган, раководството треба да поведе ред за

да види дали се злоупотребува системот за електронска евиденција или не. Според неа постапката има недостатоци и треба да се води исправно. Во законот за јавни претпријатија согласно член 34с стои дека се работи за прекршок од мал обем, но казната е по ЗРО. Таа смета дека треба да се казни, но не се согласува дека ова е правиот начин на казна. Второстепениот орган треба да е коректив на првостепениот и треба основано да се казни.

Претседателот Давор Пашоски истакна дека Програмскиот совет може само да ја прифати или одбие жалбата. Не може да ја враќа на повторно одлучување затоа што така ќе почнат да течат роковите за правото на жалба пред надлежен суд. Воедно, тој истакна дека на програмски колегиум се доделуваат работни задачи. Понатаму, системот за електронска евиденција не треба да се злоупотребува од никој. А тука станува збор и за манипулација со системот за електронска евиденција.
Исто така тој истакна дека само во исклучителни ситуации се случува новинари да вршат работни задачи од 12 до 15 часа и за тоа се добива работен налог, а не самоиницијативно да се отсуствува толкав временски период, а притоа нема добиено работни задачи.

Томислав Кежаровски зема збор и рече дека новинар кога ќе излезе на терен не може за половина час да заврши со се што е потребно, но во овој случај не ја оправдува новинарката.

Повторно зема збор Билјана Бабиќ која рече дека според неа во случајов новинарката не сторила дисциплински престап, туку дисциплинска неуредност.

По завршената дискусија Програмскиот совет оцени дека донесеното Решение за изрекување дисциплинска мерка е донесено во рамки на надлежностите на директорот на МРТ и дека нема основ за негово поништување.
Воедно, се нотира потребата од понатамошно унапредување и прецизирање на интерните акти и процедурите кои се однесуваат на службени отсуства, службени излези, евиденција на работното време, како и на работните задолженија и обврски, како и обврската на вработените доследно да ги почитуваат овие процедури во своето работење.

**Предлог**

Жалбата на Катерина Топалова Дејановска да се одбие како неоснована и Решението за изрекување дисциплинска мерка – парична казна, бр. 04-519/4 од 30.01.2026 година, да се потврди.
Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски, го стави на гласање предлогот:

- **За гласаа 7 (седум) членови на Програмскиот совет на МРТ**
- **Против гласаа 3 (тројца) членови на Програмскиот совет на МРТ, Ивана Ефремовски, Томислав Кежаровски и Миле Гроздановски**

- **Воздржани гласаа 3 (тројца) членови на Програмскиот совет на МРТ, Маја Седрак, Билјана Бабиќ и Беким Лачи**

Претседателот на Програмскиот совет им се заблагодари за продуктивната средба на присутните на 30-та седница на Програмскиот совет на МРТ, со најава дека следната 31-та седница ќе се одржи во петок на 20.02.2026 година, со почеток во 11:00 часот, на која единствена точка на Дневниот ред ќе биде јавна седница за презентација на дополнетиот Предлог-Статут на МРТ.

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски ја затвори Триесетата седница во 11:55 часот.

Записникот го водеше:
Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-1102/5
17.02.2026г.

________________________

Давор Пашоски